РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-415/2
11-05-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по поднесена анонимна електронска пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31- та седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-3194/1 од 23.12.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-3194/1 од 23.12.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по поднесена анонимна електронска пријава, оформи предмет со број 08-3194/1 од 23.12.2024 година поради неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на Националните координатори на РСМ.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека од наведените лица во пријавата ______________________ немаат поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК, додека ____________________ имаат поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Државната комисија заради правилно и целосно утврдување на фактичката состојба поднесе барање за доставување податоци и информации до Владата на РСМ, од каде е добиен одговор со документација заведен под бр.08-1144/2 од 14.04.2025 година, видно од кој е дека ____________ со Решение бр.14-2459/1 од 13.02.2024 година бил разрешен од должноста Национален координатор за __________, а бил именуван на должноста Национален координатор за ________________ со Решение бр.14-6791/1 од 30.07.2024 година.

Лицето ____________ со Решение бр.14-5780/1 од 05.07.2024 година бил разрешен од должноста заменик Национален координатор за ______________.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

Од добиениот одговор од Владата на РСМ е видно дека со Решение бр.14-6792/1 од 30.07.2024 година лицето ____________________ била именувана на должноста Национален координатор за ______________________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека лицето ______________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанувањето на должноста Национален координатор за ____________________не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1144/6 од 20.11.2025 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 02.12.2025 година. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Исто така, Државната комисија констатираше дека лицето __________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на именување на должноста Национален координатор за ___________________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1144/4 од 20.11.2025 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 02.12.2025 година. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека лицето _______________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на разрешување на должноста заменик Национален координатор за __________________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1144/10 од 20.11.2025 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 25.11.2025 година. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека лицето ______________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на именување

на должноста Национален координатор за ____________________________ не поднела Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапила спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторила прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1144/8 од 20.11.2025 година и уредно го достави до сторителот на прекршокот. Со оглед дека постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочна комисија на ДКСК. Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-416/4 од 27.02.2026 година со кое сторителот ___________________ го прогласи за одговорен за сторениот прекршок и му изрече прекршочна санкција-глоба.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б, помлад соработник
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: С.С.М член на ДКСК

